# "Којдан Чернодрински" - Прилеп

Македонски Театарски Фестивал




## *Билтен бр. 2*

# ЗА КРИТИКАТА

Една третина од фестивалската програма е зад нас. Гледавме пет претстави во конкуренцијата за награди, две во придружната програма и една трибина. За македонската театарска критика.

Време беше Фестивалот да праша што се случува со македонската театарска критика. И да постави став пред да добие одговор.

На театарот критиката му е насушна потреба. За да биде подобар, за претставите да бидат поквалитетни.

Кога се спомене критиката, не ретко, а долго време е така, таа се поистоветува со некое зло, со атак на театарската професија, на претставите, на трудот вложен на сцената. Од друга страна асоцира и на - неможноста за соочување со друго, различно мислење за претставите.

Зошто?

Критиката ја имаме, но не и објективната, аналитичката, вистинската, велат театролозите. Секоја чест за исклучоците.

Каде е проблемот?

На повеќе нивоа. За објективна критика, треба независност на критичарот. Не ретко - финансиска. Медиумите ја заборавија културата, уште повеќе освртот кон премиерната претстава. Поканите за премиера често не стигнуваат до критичарите. Тие, пак, поретко сами се поканувaат. Се помалку има пари за културата, а најмалку за критиката.

Останаа социјалните мрежи.

.

Дали треба да се создава посебен фонд за македонската критика, да не биде финансирана од театрите за да не ја загуби остринатa на перото? Да биде ли преку Министерството за култура? Ќе сфатат ли медиумите дека културата, а и критиката за одиграната претстава носи гледаност, цврст став за одредени состојби во општеството пред гледачите, слушателите, читателите? Се загубивме ли во преводот? Или, поточно, во нашиот „политички воаjеризам“, па само тоа да го привлекува јавното мнение?

Или се плашиме од критички (ама објективен, поткрепен со факти) став, поинаков од нашиот за опкружувањето? Во случајов за претставата.

Прашања што долго чекаат на одговор.

И нешто важно, ако не и најважно. Критичарот е творец. Создава дело, а се едуција со години. Тоа недостига.

И на крајот. И критичарите се на потег. Да се изборат за местото под сонцето, или, попрецизно, за местото во првите редови на премиерната претстава.

Презентирана е и платформата на МКЦ за филмска и театарска критика гледај.мк.

Споделете.

Елизабета Митреска

# Лауреати . . .

## Добитник на наградата за животно дело Љупчо Константинов, композитор

### МУЗИКАТА Е ДРАМСКИ ЛИК ВО ПРЕТСТАВАТА



Цел живот трага по креативното, убавото, по тајновитите музички тонови и варијации што ја хранат и возвишуваат човековата природа. Креативната енергија на композиторот Љупчо Константинов, добитник на наградата за животно дело ма МТФ „Војдан Чернодрински", подеднакво е инспиративна во театарот, во филмовите, долгометражни или кратки, во телевизиските документарни записи.

Репрезент е на се што е вековно наталожено и кодирано како ритам и мелос на нашиот човек. Велат дека живее во некој свој чуден свет. А тој, не сака многу да говори за своето дело. Смета дека тоа самото е речито за себе.

Разговорот со охриѓанецот Константиов во водевме непосредно пред врачувањето на наградата. Не може, вели да ги одмине сеќавањата за родните краишта.

**Љ.К:** По подолго време патував низ овие краишта. Од Охрид доаѓам. пределите се исти, патиштата непроменети, како да застанало времето?

**Б: Неодминливо е прашањето за чувствата кои ги буди вакво признание за животно дело.**

**Љ.К:** Пријатно беше изненадувањето кога од Фестивалот ме известија дека добивам награда за животно дело. Не знам дали е прерано или предоцна. Наградата секогаш е поттик. Мислам уште да работам, да бидам посветен на создавањето музика, применета музика и музика за театар, филм и телевизија. Благодарен сум на сите режисери кои досега ми укажале доверба и ме ангажираа во своите проекти за заедно да се радуваме на чинот на создавање на театарската, филмската музика, за телевизиските серии, драми.

**Б: Како се создаваат, како се обликуваат нотите за музиката за едно сценско дело.**

**Љ.К.** За мене најтешкиот дел е да се одлучам за темата. Треба да почувствувам дека токму таа тема ќе биде главната нитка што ќе провејува во тој проект, во таа претстава. Потоа, се само лесно си тече. Секогаш се обидувам музиката да добие драмски лик.

Имало разни ситуации при работата на музика за претставите. На пример, кога со Миле Корун ја работевме „Цар Едип“ (втора претстава во живо) за отворањето на „Охридско лето“, неговата идеја беше да има околу 5-6 инструменти и хорот, составен од актерите. Кога ги слушна актерите, рече: Сакам само човечки глас, не сакам ниту еден инструмент“.

**Б: Со години сте патник по светот. Патувавте, работевте, по бившите ју-простори, работевте во Германија, Италија, па и во Јужна Америка.**

Љ.К: Интересно беше да се работи секаде и се си има посебност. Впечаток ми остави атмосферата на интернационалниот фестивал во Колумбија. Дирекцијата на фестивалот, „Каза дел театро“ така ги сплотува луѓето што мислиш дека по 15 минути се познавате цел живот. Станува збор за категорија на луѓе-уметници кои, едноставно, се препознаваат себе си по некои свои реалции.

Повеќе од 35 години, континуирано работам со Паоло Маѓели, режисер-космополит кој не е поврзан со ниту една средина. Сум работел со Роберто Чули, а од нашите режисери со: Димитар Станкоски, Слободан Унковски, со Рахим Бурхан.

**Б: Велат, впечаток е дека повеќе сте признат во светот отколку кај нас?**

**Љ.К:** Во филмот „Тетовирање“ од Столе Попов има една реплика, мислам дека ја говори Столе Аранѓеловиќ, во која вели: Судбина на уметникот е едните да те фалат, другите да те презираат“. Можеби звучи пресилно, но не сакам да размислувам за тоа.

**Б: Има ли посебност кога работите на музика за театарска претстава?**

**Љ.К:** Полесно ми е кога станува збор за музика за филм, отколку за театар. Зашто театарот е жива материја, постојано може да се променат нештата. Театарот е „жива" уметност. Секогаш се открива нешто ново. Се прави чекор напред и кога ќе се состави сето тоа, може да настанат промени. А во филмот веќе се нотирани работите. Претпочитувам ако може да работам со жив оркестар во рамките на театарот. Дали тоа ќе бидат професионални музичари, уште поубаво ако музиката е „извлечена" од самите актери, тогаш мислам дека целата претстава се претвора во еден организам. Така јас го сфаќам театарот, иако тоа не значи дека музиката не треба да се снима.

> Порано (во „социјализмот") повеќе се инвестираше во културата. Вратите беа поотворени. Последниве години многу работев во Подгорица, Црна Гора со повеќе режисери и искуствата ми се посебно драги.

**Б: Која е вашата инспирација кога создавате музика?**

Љ.К.Љубовта. Главна инспирација е љубовта. Таа е вечна.

Е.М.



ОФИЦИЈАЛНА ПРОГРАМА

СЦЕНСКО ОГЛЕДАЛО

НУ Народен театар – Битола

**„Доктор Фауст“ од** Кристофер Марлоу и текстови на режисерот и драматургот Билјана Крајчевска

Режија: Андраш Урбан

Играат: Борче Ѓаковски, Викторија Степановска-Јанкуловска, Елена Моше, Иван Јерчиќ, Илина Чоревска, Маја Андоновска-Илијевски, Марјан Ѓорѓиевски, Никола Пројчевски, Петар Спировски, Сандра Грибовска, Соња Михајлова и Соња Ошавкова.



Битолскиот театар во официјалната програма на 53 МНТ се претстави со камерната претстава „Доктор Фауст". Режисерскиот ракопис на Андраш Урбан се осврна кон изопаченото прикажување на современото живеење во еден исто толку безобзирен свет, исполнет со губењето на човечкото во човекот, преку фаустовското во него.

Претставата одиграна на Фестивалот исто како и на матичната сцена, се одвиваше во стеснет простор во кој се прикажува морализирањето на бруталниот, неолиберален капитализам и прави обид да се побуни против хетеронормативот.

Интересно е да се спомене дека од драмскиот текст на Марлоу се искористени само десет проценти, а останатиот дел, преку своевидна работилница на актерите и режисерот е создаден крајниот продукт на претставата. Режисерот Андраш пред четири години во Народниот театар од Битола ја постави и пиесата „Хамлет машина".

**Илина Чоревска, актер:** Поентата на оваа претстава е никого да не остави рамнодушен. Колку тоа го постигнавме може да каже само публиката. Претставата има една специјална естетика која го наведува гледачот да си поставува многу прашања, особено кога ќе замине дома, а за нас актерите тоа е едно шоу во кое, ние, колку што сме изморени, толку и уживаме.

**Сандра Грибовска, актер:** Оваа претстава е спој од многу нешта. Од моменталното лудило што се случува на глобално ниво, , шизофренијата која сите некако не зафаќа како чума, како болест, значи сите проблеми на денешницата, собрани во едно, ставени на послужавник и се разбира, личниот крик на сето тоа.

**Никола Пројчевски, актер:** Оваа претстава може да е и лудило и шизофренија или можеби реалноста која ја живееме секојдневно, зависи каде, некаде помалку или повеќе, некаде посурово од ова што го прикажувавме. Мислам дека во самата претстава има од она што не сакаме да го видиме, а се случува. Исто така, можам да кажам дека претставата го прикажува параванот зад кој се криеме за грешките што ги правиме и како во претставата, често бегаме зад религијата. Религијата е многу повеќе од ставање на одежда и како и да се вика костимот што го носат свештените лица и ова не го говорам  од аспект на атеист. А дека ќе дојдеме на Чернодрински и ќе кршиме некакви табуа во време на интернетот, ќе речам дека ниту можеме да кршиме некакви табуа, ниту пак мислам дека задачата на театарот е ние да го правиме тоа. Во суштина, колку пореално, толку повистинито. Еве, ќе ви кажам што ми рече мајка ми, која е далеку од театарски работник, кога ја изгледа претставата:„ мене ми беше многи поморничаво и тешко за гледање кога парчето леб го ставате на задникот, отколку голотијата на сцената", ама пак таквите парчиња леб се опозит на она што недостига во многу семејства денес.

**Иван Јерчиќ, актер:** Ова мене ми е мене особено драга претстава, таа е малку постара (крајот на 2016 година). Кога ја работевме со Урбан многу разговаравме за работите околу живеењето во денешното време: што значи Фауст, што значи продавање на душата на ѓаволот во некои други цели. Понекогаш тие може да бидат благородни, а понекогаш од тие цели излегуваат некакви негативности, но сепак, сите денес сме соочени со некакво „продавање на себеси" било да е тоа на некое микро или макро ниво. Без разлика, сето тоа е „продавање" со кое правиме компромиси со самите себе си. Првпат сум на Фестивалот „Војдан Чернодрински" како актер и како продуцент и може да кажам дека имав особена трема. Прилепската публика знае да оцени. Жал ми е дека повеќе публика не можеше да ја види претставата, но се надевам дека ќе дојдеме и ќе гостуваме повторно.

**Валентин Светозарев, сценограф:** Се обидуваме и го правиме тоа, а секако други ќе оценуваат, „да играме со просторот" во секоја нова претстава, со димензиите на просторот, потоа со неговата визуелизација ит.н. Во договор со режисерот одлучивме сето тоа максимално да го стегнеме, да биде доволно силно, да биде тука некаде, над главата на гледачот и да влијае врз гледачот. Мислам дека успеавме во намерата, а колку публиката го прифати и го почувствува, тоа секако, е до неа. Инаку, со Андраш Урбан имаме втора соработка и во двата наврати многу добро се разбравме, не само со мене, туку и со целата екипа и сите работевме во името на тоа и сета работа што ја правевме и ја правиме, е токму за тој чин и се надевам дека сите успеавме.

**Импресии на публиката...**

-Генерално, мислам дека претставата прави обид да се прикаже хororот. На некои места имаше одредено морализирање, укажување на таквата морализаторска димензија која сакаат да ни ја прикажат од одредената „елита" која не соочува со проблемите со кои се соочуваат обичните луѓе, луѓето од „долните слоеви" и на крајот кога ќе ја погледнеме целата слика, може да се постави прашањето кои се грешниците?

-Откако слушнав коментари од дел од публиката за експлицитноста на сцените, ми останува како неодговорено прашањето како може да се „нема стомак" да се види хororот кој секојдневно се случува околу нив, а „има стомак" да се гледаат бројни нелогичности и иронии додека пуштаме СМС пораки да лекуваме деца?

-Јас претставата ја видов како еден вид средношколски мјузикл. Мојот впечаток е дека е тешко една претстава да ги пренесе сите негативни и девијантни однесувања кои режисерот ги собра на едно место.

Е.А.А.

ОФИЦИЈАЛНА ПРОГРАМА

СЦЕНСКО ОГЛЕДАЛО

Театар „Војдан Чернодрински“ - Прилеп

**„КЛЕТНИЦИ“** од Виктор Иго

Rежија: Мартин Кочовски

Играат: Аница Бебиќ, Илија Волчески, Надица Дојкоска, Димитар Ѓорѓиевски, Владимир Ѓорѓијоски, Евгенија Јакимоска, Андон Јованоски, Исидор Јованоски, Михајло Миленкоски, Ирена Мирческа, Димитрина  Мицкоска, Ангела Наумоска, Милан Секулоски, Сара Спиркоска, Марија Спиркоска Илијеска, Наташа наумоска, Александар Степанулески, Здравко Стојмиров, Александар Тодески, Најдо Тодески, Игор Трпчески, Димитар Црцороски, Цветанка Чавлеска, Виолета Чакарова, Катерина Чакмакоска Клинческа, Марјан Чакмакоски.



Да се постави на сцената антологискиот роман „Клетници“ од Виктор Иго, а тоа да биде под режисерската палка на Мартин Кочовски во симбиоза со актерската екипа на прилепскиот народен театар е голем предизвик, но и едниот и другите го имаат искуството од заедничката соработка,па предизвикот резултира со висококвалитетен производ. Кочовски и екипата на театарот веќе ја познаваат симбиозата на градење претстави (претходно според драмите на Бертолд Брехт), а овојпат линијата за сценско достигнување е подигната повисоко. Станува збор за драматуршката адаптација на роман со многу ликови и обемно дејство. На режисерскиот предизвик екипата да работи не само на актерско, туку и на сценско ниво (сите заедно се креатори на дијалозите и на самата сцена) е напорна тричасовна работа, но и целосно успешна во секој сегмент. Како куриозитет, „Клетници“, кој за прв пат е поставен на македонска сцена, во декември 2017, со нецел месец разлика, се работеше премиерно и во театарот „Берлине“ во Берлин, но траеше дури шест часа. Првпат, пред фестивалската публика по премиерата од декември минатата година, 40-ината актери, буквано, и фигуративно „на грб“ го носеа дејството три часа. Според овациите на публиката - многу успешно.

За целата екипа, од режисерот до актерите, најважните теми во животот беа истакнати на сцената - борбата за праведност, која е макотрпна и тешка, но и љубовта кон човештвото. Нијансирана е со сите тонови, за жал повеќе сиви и црни, зашто, и едното-правдата и другото-човештвото не можат да се оттргнат од тоа. Тука мора да се нагласи улогата и на групата „Фолтин“ (и не за прв пат) која со музикаата на сцената, дејствува како драмски лик.

Оттука, претставата се наметнува како сложен театарски чин, подеднакво зафаќајќи ги постдрамскиот и драмскиот театар. Од една страна се трауматичните моменти од француската историја кои режисерот Кочовски вешто ги преточува преку масовните сцени со силни аудио ( групата „Фолтин") и визуелни ефекти. Од друга страна ,се животните судбини на ликовите од романот на Виктор Иго. Пак силно визуелно претставени.

Двоецот ликови меѓу главните, Жан Валжан и инспекторот Жабер (ги толкуваат Владимир Ѓорѓијоски и Александар Степанулески) се херои и анти-херои, менувајќи ги улогите.

**Владимир Ѓорѓијоски, актер:** Во претставата се поставени високи стандарди и со секое играње на сцената, стремежот е да се достигнат. Се уште не сме ги достигнале високите стандарди што ги поставува режисерот Кочовски. Ама се стремиме. За среќа, не се достигнати, зашто ако е така, треба да спласне стремежот. Во споредба со досегашните претстави на кои соработував со Кочовски („Тапани во ноќта", „Кавкаски круг со креда") оваа е посмирена претстава. Зашто, различно е кога работите роман наспроти драмските текстови на Брехт. Дејството и денес е свежо, актуелно. И прашањето е како сѐ да опфатиш и да личи на Иго. А антиподот на ликовите Валжан и Жавер, ми се чини, е во секој од нас. И двајцата се херои и анти-херои, ретки во драматургијата. Предизвик е да разоткрите кој за какво човештво се бори. А дејството е толку обемно, романот голем и се прашувате што треба да се потенцира, а што не. Навидум три часа на сцена се многу, но мене ми се чини е прекратко да се постават сите нијанси на дејството и на ликовите. Мило ми е што немаше нервозни реакции на публиката, зашто претставата се одигра во полноќните часови ( од 22 до 1 часот по полноќ). Според аплаузот, не им било здодевно.

**Александар Степанулески, актер:** -Евидентна е трансформацијата на ликот на инспекторот Жабер што го толкувам. Не само што е впечаток, така е: ликовите на Валжан и на Жабер се антиподи и идејата за тоа совршено е направена кај Иго. И едниот и другиот, практично, се истите ликови, судбини, животи, и во секоја фаза од живеењето полека ја сфаќаат спротивната страна на животот. Имаат различни принципи на функционирање, но завршуваат речиси исто. Подготовката за градењето на ликот беше неминовна. Двата лика ги води само различната нишка на живеење. Можеле да се најдат во обратна ситуација, зашто се истиот човек со два различни принципи на живеење.

**Мартин Кочовски, режисер:** „Клетници" е комплексно и безвременско уметничко дело, но и како историски настан. Темата се работи во вистинскиот момент, зашто сега живееме во време многу интересно и оптимистично. Со ансамблот се обидуваме да ги промениме нештата во кои живееме, да испратиме сериозни пораки за суштинските вредности. Се потрудивме максимално да направиме совршена претстава. Екипата е компактна. Енергијата е иста. Претставата добро функционира зашто се поврзуваат енергиите на сите генерации. Тоа е чудесно. Сметам, дека треба да се занимаваме со сериозен текстуален материјал и со сериозни теми.

**Импресии на публиката:**

- Ја гледав и премиерата. Има некои измени, одлично вклопени. Сега уште повеќе ме фасцинира сета таа колективна игра на сцената. Заборавив дека поминаа три часа. Ова е уште подобро од досегашните претстави на Кочовски со прилепскиот театар.

-Прв пат ја гледам претставата. Воодушевена сум, се ми заликува на вешто склопени коцки од сложен мозаик. Приказната е повеќе од тажна, напати предизвикува бес за состојбите, за угнетувањето. Актерката, мајката на Козета е фантастична, трпки ме лазеа кога ја гледав како го обликувала ликот.

Е.М.

ОФИЦИЈАЛНА ПРОГРАМА

СЦЕНСКО ОГЛЕДАЛО

НУ Театар за деца и младинци - Скопје

**„Еднаш свет изградив"** работена по мотиви од романот „Сидарта" на германскиот нобеловец Херман Хесе

Режија: Јане Спасиќ

Играат: Драган Довлев, Ненад Митевски, Наташа Петровиќ, Симона Спировска, Бојан Кирковски и Михаел Стојановски.



„Еднаш свет изградив“ е претставата во официјалната конкуренција со која НУ „Театар за деца и младинци“ од Скопје се натпреварува за престижните награди на 53. МТФ „Војдан Чернодрински“ во Прилеп. Со оваа претстава, во која, на мошне интересен начин се преплетува реалноста со фантазијата, младинскиот театар всушност отвора егзистенцијални прашања, потенцирајќи ја улогата на театарот во функција на штитење на интересот на младите и тинејџерите. Преку адаптацијата на ремек делото на Хесе, кое на едноставен начин покажува како да се биде свој, да се следат соништата и инстинктите при сите следни избори во животот, актерите успеваат да ги допрат најдлабоките вонвременски дилеми врзани со младиот човек.

Режисерот ова мисловно патување го почнува на едноставен, приемчив начин, креирајќи семејна приказна за татко и син, кои по долги години, повторно се среќаваат. Но, оваа средба е полна со љубов, бес, гнев, неизвесности, во неа се кажува недореченото, недокажаното при првата разделба, кога сега возрасниот татко бил млад, на годините во кои, синот сега му доаѓа во посета.

Во оваа нивна средба, впрочем во оваа претстава, преку релацијата татко-син, во еден цикличен круг, се отвора значењето за последиците од направените избори во сечиј живот. Најсурово се фрла вистината за последиците кои ги живеат децата, поради изборите на своите родители, отворајќи ја дилемата, дали сега овие деца како идни родители може да направат свои самостојни избори или тие секогаш ќе носат сенка од изборите на своите родители?

**Јане Спасиќ, режисер:** Актерите супер одиграа, дури и со промената на големината на сцената претставата доби една друга убавина. Зошто Сидарта? Па, мислам дека младите се изгубени и дека сѐ потешко го наоѓаат својот пат или тоа што сакаат да го прават, покрај тоа има уште една линија кај Сидарта која зборува,  дека секој треба да си се најде себе си и секој треба да се истражи, да види што сака. Едниот начин е преку знаење и учење, а другиот е преку живеење на животот, да биде самостоен. Но, и да не се губи верба дека некогаш ќе го најде патот и дека ќе се помири со она што е внатре во себе. Сидарта го носи сето тоа и некако го зедовме како мотив. Мислам дека добро го надоградивме со една добра врска меѓу таткото и синот, една и друга генерација. Веројатно најбитната порака до младите со оваа претстава е да веруваат во себе, и да се обидат да го најдат мирот. Мирот е најважен всушност.

**Симона Спировска** во ликот на Говинда

Говинда е постојан дел од Сидарта. Тој е напишан како посебен лик, меѓутоа во нашето гледање на романот, Говинда е дел од Сидарта кој се буди кога Сидарта е во тинејџерски години, потоа се разделуваат за да се најдат повторно пред смртта, поради тоа што Говинда му ветува на Сидарта дека ќе го чека на вистинското место. А, и во романот Говинда е тој, кој му кажува на Сидарта дека тргнал по лош пат, дека не чини тоа што го прави, да речеме дека Говинда е совеста на Сидарта. Јас го играм како еден нормален лик што постои, зашто сите имаме по едно другарче кое нѐ враќа кога ќе се загубиме. Претставата е актуелна, секој може да се препознае во овие ликови и колку што е битна за младите, толку е битна и за родителите, бидејќи кога младите ќе дојдат на одредени години честопати, родителите, сакајќи да ги заштитат, ги задржат блиску до нив, токму тогаш кога треба да пролетаат, да ги рашират своите крилја. Говинда на младите им порачува да се следат самите себе си, зашто само така нема да се обидеме да ги контролираме другите.

**Михаел Стојаноски,** актер

Мојот лик е значаен во претставата и има една порака до постарите, дека не треба да ги оптоваруваат децата, дека треба да им дозволат поголема слобода. Претставата ја работевме околу 3 месеци, беше многу забавно. Оваа претстава, научив дека треба да се следам самиот себе кога одлучувам,а да не ги слушам другите.

**Наташа Петровиќ**, актер

Во претставата ја играм мајката, а потоа жената на Сидарта. Претставата кореспондира со сегашноста, зашто сметам дека има многу мајки кои ги следат своите деца и сакаат децата со своите визии и идеи да се посветат сами себе си. Тие мајки се столбови и поддршка на децата. Двата лика имаат храброст да се повлечат, во моменти кога е потребно да се направи тоа. Мајката се повлекува за да му обезбеди простор на својот син, за да продолжи да го следи својот сон, а и да се погрижи за себе. Сметам дека жените се многу силни, и дека не е потребен друг, за да изнесат едно дете на прав пат. Ја имаме силата и моќта да се грижиме за себе, за другите и да направиме разумни одлуки, тогаш кога треба.

**Ненад Митевски**, актер

Ликот ми е близок, многу блиска енергија, многу препознатливи ситуации од мојот живот, исти размислувања како што размислува ликот. Верувам и дека публиката ги препознава тие ситуации, односи со родителот, дека се прават паралели со некои односи со некои блиски, за некои животни ситуации. Сите сме загубиле некого во животот, па не сме се докажале, не сме го прашале тој човек ... Затоа, претставата е емотивна и лесно препознатлива. Пораката на Сидарта е секој да го живее тоа што го сака и да се пронајде во својот живот. Колку и да сакаме да избегаме, можеби носиме ген од родителите, и не можеме да избегаме од тоа.Но, сепак мораме да избегаме од нивните сфаќања, за да го осетиме сами животот, за да почувствуваме тага, болка, радост и други емоции.

**Импресии од публиката**

-Да се биде инспириран од романот „Сидарта“ и од врвниот Херман Хесе е голем успех. Покрај идејата, ми се допадна содржинскиот избор и филозофијата што ја нуди претставата за теми како што е смисловноста на животот, прашањето и правото на некаков личен избор и воопшто дека „ослободувањето“ како крајна цел не се постигнува лесно. Предуслов е личноста да има добра самосогледба. Колку успеваме? Дозволете и една забелешка. Потребно е враќање кон јазичниот мерник!

-Искрено речено, очекував повеќе. Не го разбрав пристапот на режисерот, за мој вкус претставата беше премногу млака, лежерна. Знам дека ансамблот на Театарот за деца и младинци има поголем потенцијал од она што вечерва го прикажа. Веројатно за следните театарски игри ќе треба да конкурираат со претстави кои повеќе им лежат.

-Темата што ја обработува претставата е сериозна. Поттикнува на размислување и на себеанализа. Актерите добро се носеа со психолошките варијации на ликовите. Но, она што ми пречеше е сценскиот јазик. Дијалектен говор, сленг, а најмалку македонски литературен јазик. Ако тоа се поправи, ќе биде супер.

М.Т.

СЦЕНСКО ОГЛЕДАЛО

НУЦК „Антон Панов“ - Народен театар - Струмица

**„Царот Владислав“** од Борис Јанков

**Режија:** Бранко Ставрев

**Играат:** Стојан Велков- Трн, Оливера Аризанова, Коста Ангов, Ангелина Тренчева, Бранко Бенинов, Ванчо Мелев, Ванчо Крстевски, Кире Ѓоргиев, Душан Костов, Тинка Ристеска, Анкица Бенинова, Ален Нанов, Томе Ментинов, Васе Христов



**Историјата се повторува како фарса**

„Царот Владислав", претстава со која НТ „Антон Панов", од Струмица, учествуваше во официјалната програма на 53 МТФ " Војдан Чернодрински" , беше изведена на третиот фестивалски ден. Станува збор за праизведба на текстот на Борис Јанков, која воедно е единствена претстава од домашен автор на фестивалот , во чии темели е вградена идејата за промоција на домашното драмско творештво. Текстот го постави режисерот Бранко Ставрев, креирајќи современа постановка , базирана на историските настани од средновековието на нашиве простори. Таа зборува за братоубиството во семејството на царот Самоил. Во фокусот е Јован Владислав (во изведба на Стојан Велков-Трн), син на Арон, братот на Самоил, кој иако е спасен од линч од својот братучед Гаврил Радомир, сепак го убива подмолно при лов за да ја освои власта, за на крајот и самиот да заврши како жртва на византискиот цар Василие Втори. Јован Владислав го убива зетот на Самоил, Јован Владимир, поради страв од конкуренција за престолот. За потребите на уметничката интерпретација на историските настани, жената на Владислав, Марија, е претставена како поттикнувач на братоубиствените судири во царството. Во тој контекст, претставата која се игра во стих и се потпира на актерските креации на празната сцена, е своевиден континуитет во работата на режисерот Ставрев по режирањето на операта на Кирил Македонски, „Цар Самоил", поставена во МНТ, денес МОБ.

Претставата „Царот Владислав" се играше на големата сцена во Домот на културата „Марко Цепенков" иако е работена за изведба во камерен формат. Ова придонесе за некомплетна перцепција на режисерскиот концепт.

**Борис Јанков, автор на текстот:** Не се занимавам професионално со драматика. Љубовта кон литературата и историјата ги наследив од татко ми, а иницијацијата да го напишам текстот, дојде откако татко ми дома ја доне книгата од Драган Ташковски „Царот Владислав". Драмата ја напишав за нешто повеќе од три месеци. Целта беше да се сплоти нашиот напатен македонски народ, кој сè уште страда од тоа меѓусебно делење и да се претстави братоубиствената војна која нè уништува нас уште од самото настанување на македонската нација. Изборот да се говори во стихови е мотивирано од Шекспировото драмско наследство и од потребата да се изразам низ оваа најстара, но и највозвишена книжевна форма. Среќен сум што Бранко Ставрев ја режираше претставата.

**Стојан Велков –Трн, актер:** Во ликот на Царот Владислав има голема внатрешна борба. Токму принципите на доброто и злото излегуваат на површината во текот на целата пиеса. Од првата појава се открива поделеноста во него, што сака тој, дали моќта на круната или сепак да остане човек. Тој е лик заробен во минатото, а тоа е гревот од татко му што го носи во себе. Ликот поседува голема човечка димензија и мекост која потоа се злоупотребува во пиесата. Иако таа е градена врз документаристичко- историски материјал, авторот Јанков има развиено сопствен свет од настани. Не е лесно да се влезе во душата на Владислав, зашто пиесата има призвук од некое дамнешно, минато време, но има и линии кои не поврзуваат со сегашноста. При секое играње се нурнувам во емотивните промени што му се случуваат на ликот. Од поразиграни до посталожени емоции. Тоа е како лизгалка низ која се пуштате, а најмногу зависи првиот импулс и желбата да се оди подалеку, дополнува тој.

**Бранко Ставрев, режисер**: Со пензионирањето, престанав да режирам претстави во театар. Но, според моите принципи да режирам каде што ќе ме повикаат, одговорив на поканата на театарот од Струмица. Причина плус да се зафатам со режијата на претставата „Царот Владислав“ е тенденцијата секогаш да афирмирам нови, непознати домашни драмски автори. Своевремено ја поставив операта од композиторот Кирил Македонски - „ Цар Самоил“ во МНТ, денес МОБ. Тоа беше моја авантура во операта . Тоа ме понесе зашто јас се снаоѓам во таа материја . Во „Царот Владислав“ сакавме да направиме не историска, туку современа пиеса зашто историјата навистина се повторува како фарса, за жал. Се одлучив ансамблот да го сместам на голата сцена за да ја пополни со својот артизам. Тоа е основната намера. На тој начин успеавме да постигнеме, гледачот да го следи и да го разбере дејството, зашто тие теми главно се многу сложени. Се обидовме да го извлечеме поетското и филозофското во претставата.

С.Т.

# Трибина

**„Театарската критика денес“**

**модератор проф. д-р Ана Стојановска**

**Зошто платформата „Гледај МКЦ-МК“ ја избра оваа тема?**




Со препораките на актерот Коцев, објавени по повод Светскиот ден на театарот, модераторот, **проф. д-р Ана Стојаноска, театролог и доцент на Факултетот за драмски уметности во Скопје**, ги започна разговорите на трибината „Театарската критика денес“ на која присуствува бројни театарски критичари, драматурзи, режисери, новинари ..., кои ги лоцираа проблемите во деценијата што измина, акцентирајќи ја при тоа итната потреба од конструктивна и стручна театарска критика во Македонија.

-Иако лично го имам ставот дека нема театарска критика во Македонија, сепак во обидот да ги соберам книгите, изданијата за театарската критика, сфаќам дека информациите на интернет се малку, речиси и да ги нема. А, во еден објавен зборник од 1998 г. во продукција на овој фестивал, посветен на театарската критика во Македонија стои: 'Во Македонија веќе ја нема вистинската театарска критика, онаа и онаква, каква што на времето ја имало, и која, како таква, суштествено влијаела, не само врз развитокот на македонскиот театар, туку придонесувала и за неговите уметнички дострели“. Дваесет години подоцна можеме истото да го заклучиме! Затоа јавно и гласно да кажеме, зошто ја нема театарската критика, кои се проблемите и кој е односнот на македонскиот театар кон театарската критика?“, рече во својот вовед проф. д-р Стојаноска.

Според **Сашо Димоски, автор, драматург и театролог,** прво критиката треба да почне во куќата во која настанува, во која се раѓа театарскиот производ..

-Тука треба да се роди критичкиот став на самиот ансамбл, колектив зошто ја прави претставата како таква. Самата претстава треба да биде критика, која колективот ја испраќа до јавноста. Треба прво да видиме, каде настануваат дома проблемите. Сметам дека сме крајно затворени и дека не комуницираме со цел да направиме добар, квалитетен завршен производ. Критиката мора да биде објективна, научно аргументирана, не смее да биде лична, уште помалку инструирана од каква било потреба или порачка. Системот на театарската претстава, нејзиното внатрешно устројство мора да има свое огледало во критиката. Неопходно е детално научно-аргументирање на овие чинители на претставата.

**Новинарот и театарски критичар, Сотир Трајков смета дека** нема театарска критика во медиумите.

-Во принцип се чувствуваме како „Дон Кихоти" против наметнатите ветерници од општеството, всушност ние го живееме тој неолиберален капитализам. Тоа е духовноста, свеста, тоа е нешто субверзивно и тоа не му се допаѓа на новиот светски поредок. И не ми е лесно да зборувам, зашто тоа го живеам. Нема интерес за култура, за уметност во медиумите, генерално. И тоа што го има, тие што го работат тоа, се многу малку едуцирани. Тоа е веќе прашање на индивидуална работа, на ентузијазам. Мене тоа ми е болно прашање. Но, ние ќе продолжиме да работиме, наспроти ветерниците!", заклучува Трајков.

**Театарскиот критичар во Македонско радио - Радио Скопје, Тодор Кузманов**, стравува дека театарската критика во тој медиум ќе заврши со него, доколку не се создаде интерес за подготовка, друг да го преземе, наследи овој новинарски жанр.

-Како што се зборува дека немаме театарска критика,тогаш тоа го покренува прашањето: каков театар имаме? Во 10 години, театар од внатрешноста, само по исклучок ме поканил на премиера. На запад се 'борат да доведат за уши' критичар на своите претстави. Инаку, имам два есеа на таа тема: „Критика или кафено лажиче?" и вториот е „Весела критика". Нив ги сметам искуствено, за два мои постулата во критиката. Првиот е дека 'критиката треба да се зема дозирано' и вториот е , 'не седнувајте пред компјутер, ако имате зла намера'. Критиката е апсолутно креативен процес и сложена и деликатна работа, таа треба да биде анализа или толкување на драмската претстава. Но, на патот на остварувањето на ваквите цели стојат многу замки, па од една страна театарската критика е благородна, но не и благодарна работа", смета Кузманов. Како да не постои подготвеност кај поширокиот круг консументи на театарската критика, кај луѓето што ги прават претставите - да се соочат, најпрво со различно мислење за претставите, а потоа и со судови кои не мора да им се допаѓаат и тука настанува анимозитетот.

За **критичарот Христо Петревски** критика има, таа не е исчезната, но отсуствува анализа, наука.

Според **Кристина Леловац, актер и педагог на ФДУ,** раководител на пораталот Критика.мк, потребен е личен поттик за промислување на театарот.

Апослутното отсуство на критичност произлегува и од репертоарските политики на театарите кои нудат содржини кои не кореспондираат со современиот миг на живеење. Изминатата деценија се изгуби можноста за суштествен осврт кон се што е творештво, што создаде вакум архива. Социјалните платформи, пак смета дека може да бидат референтно место, особено затоа што младите го користат најмногу интернетот и тоа за нив е достапно.

**Милош Андоновски, режисер,** основач на идејата за приближување на театарската практика до љубителите на театарот „Тетар за сите„, ги аспектираше пропустите на критичкото мислење кон театарот.

-Театарското образование да биде задолжителен предмет, Критиката постои, но долги години таа беше сведена само на чиста афирмативност, а особено е важно да се прави разлика меѓу она што е добро и она што е лошо. Инаку. критиката не може да се сведе на претстави само во Скопје. Не треба да се чекаат фестивалите за да се изгледаат претставите. Доколку постои тетарска критика ќе се сменат работите и за нас самите и ќе излеземе од летаргичноста.

Од **Атанас Димитров од МКЦ**, беше посочено дека во рамките на проектот Гледај.мк намерата е секоја рецензија што заслужува да биде објавена, ќе се објави, дека намерата е да се гради, нов простор за младите рецензенти во Македонија.

**Режисерот Зоја Бузалковска** изнесе личен осврт од искуствата произлезени од давање критика на театарска критика. Таа компарираше одредени ситуации кога критиката се доживува како критика кон личноста, а не кон делото, прераснува во одмазништво, може да доведе и до неиздржаност и да се базира врз лични анимозитети, кои одат дотаму што вклучуваат и инерперсонални несогласувања од кои не е исклучена ниту приватноста.

Д-р Ана Стојановска оценува дека критиката му е насушна потреба на театарот.

Трибината на тема „Театарската критика денес" е резултат на соработката меѓу „Гледај.мк" , проект на Младински културен центар - Скопје и Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински".

Моника Талеска
Елизабета Ангелеска Атанасоска

## Ве поканиуваме

Понеделник 11 јуни

НУ Турски театар - Скопје
Вилијам Шекспир
**Крал Лир**
Режија: Диего Де Бреа
19.30 часот
сцена: НУЦК “Марко Цепенков”

НУЦК “Ацо Шопов”-Штип
Јасмина Реза
**Бог на масакрот**
Режија: Нела Витошевиќ
22.00 часот
сцена: Театар “Војдан Чернодрински”

НУЦК “Трајко Прокопиев”-Куманово
Роланд Шимелфениг
**Жена од минатото**
Режија: Нела Витошевиќ
24.00 часот
сцена: НУЦК “Марко Цепенков”

Вторник 12 јуни

Трибина: Местото и улогата на драматургот во театрите во Македонија
12.00часот
модератор: проф. м-р Маја стевановиќ

НУ Театар “Комедија” - Скопје
Леонард Герш
**Дони Дарк**
Режија: Роберт Ристов
19.30часот
сцена: Театар “Војдан Чернодрински”

НУ Албански театар - Скопје
Роберт Томас
**Жените**
Режија: Ќендрим Ријана
22.00 часот
сцена: НУЦК “Марко Цепенков”

НУ Драмски театар - Скопје
**Партија Реми**
Режија: Виолета Џолева
24.00 часот
сцена: Театар “Војдан Чернодрински”

Среда 13 јуни
**Промоција на театарска литература**
модератор: проф. м-р Маја Стевановиќ
12.00часот
промотор: проф. д-р Ана Стојаноска

# Фестивалски рефлексии

**Манастирот во Зрзе ги наполни “батериите“ на театарџиите**

Еднодневниот излет до манастирот „Св.Преображение“ кај с.Зрзе, кој домаќините на Фестивалот го организираа за своите гости, ги наполни “батериите“ на учесниците на 53.МТФ „Војдан Чернодрински“. Триесетината монашки келии сместени во карпата под манастирот во кои монасите живееле од 9 до 14 век, прекрасните црковни фрески и волшебната природа, не оставија никого рамнодушен.

Театарџиите, особено гостите од соседна Србија, не го криеја своето воодушевување од манастирот и погледот кој, како на дланка им ја донесе Пелагонија.



Уметнички директор: Катарина КОЦЕВСКА

Извршен одбор на МТФ:
Менче КАРАЏОСКА - претседател
Катарина ИЛИЕВСКА–СИЛЈАНОВСКА - член
Иван ЈЕРЧИЌ - член
Никола РИСТОВ - член
Наџи ШАБАН - член

Собрание на МТФ:
Катарина ИЛИЕВСКА–СИЛЈАНОВСКА - НУ Театар за деца и младинци - Скопје
Иван ЈЕРЧИЌ - НУ Народен Театар - Битола
Адем КАРАГА- НУ Албански Театар - Скопје
Менче КАРАЏОСКА - НУЦК „М. Цепенков“ - Прилеп
Младен КРСТЕВСКИ - НУЦК „Ј.Х.К. Џинот“ - Велес
Ванчо РИСТОВ - НУЦК „А. Панов“ - Струмица
Никола РИСТОВ - НУЦК „А. Шопов“ - Штип
Саше РИСТОВСКИ - НУ Театар „Комедија“ - Скопје
Стрезо СТАМАТОВСКИ - НУЦК „Г. Прличев“ - Охрид
Маја СТЕВАНОВИЌ - ФДУ - Скопје
Сашо ТАСЕВСКИ - НУ Драмски Театар - Скопје
Сашо ТОДОРОВСКИ - НУЦК „Т. Прокопиев“ - Куманово
Симона УГРИНОВСКА - НУ МНТ - Скопје
Арсим ФАЗЛИЈА - НУ Тетовски Театар - Тетово
Наџи ШАБАН - НУ Турски Театар - Скопје

Издавач: 53 МТФ „Војдан Чернодрински“ - Прилеп
За издавачот: Катарина КОЦЕВСКА

Секретар на МТФ: Стојан ДАМЧЕСКИ
Технички Секретар: Љупчо ТОДОРОСКИ

Фотографии од документацијата на театрите
Печати: ГТИ - Прилеп

53

Македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински“ - Прилеп
Центар за култура „Марко Цепенков“
7500 Прилеп
Република Македонија

тел. (048) 425 520
e-mail: mtf_vc@yahoo.com
info@mtf.com.mk
web: www.mtf.com.mk

Уредници на билтен:
Елизабета АНГЕЛЕСКА АТАНАСОСКА
Зоран МИЛОШЕСКИ
Елизабета МИТРЕСКА
Моника ТАЛЕСКА
Сотир ТРАЈКОВ

Жири:

**Јасна НОВАКОВ**: Дипломирала 1984 година на Факултет за драмски уметности-Белград, отсек-организација на сценски и културно уметнички дејности. Стекнува академска титула-магистер на науки од областа театрологија на истиот факултет во 1999 година. Од 1984 до 2014 година работи како уметнички секретар на театарот Ателје 212-Белград. Од 2015-та работи на местото извршен директор на Звездара театар-Белград. Во театарот најмногу сака да биде публика.

**Драган СПАСОВ-ДАЦ**: Завршил факултет за Драмски уметности. Член на НУ Драмски театар-Скопје од 1992 до 2016. Од 2016-та станува член на НУ Македонски народен театар. Играл во многу претстави и е еден од нашите најнаградувани актери. За театарот вели: Театарот не е професија, театарот е љубов!

**Мими ТАНЕВСКА-СРБИНОВСКА**: Дипломирала 1984 година на Факултет за драмски уметности во Скопје. Од 1985 до 1999 година е редовно вработена во НУ Македонски народен театар-Скопје. Добитник е на Стериината награда во 1988 година. Од 1999 година е вработена на УКИМ Факултет за драмски уметности во Скопје, а во 2015 е избрана за Продекан за настава и до денес работи како редовен професор по Актерска игра.

DEFEATS ARE WRITEN IN SAND, VICTORIES IN

SIVEC®

MERMEREN
Kombinat